За Дунен

Данило С. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ, адвокат

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА ЈАНИЌЕВИЌ

ОСНОВЕН СУД ШТИП
ПРИМЕНО
со 1 прилози
26. 07. 2021 20 година

Врска: ППОВ-5/21

ДО
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација, место на раѓање Украина 24.03.1976 година, со живеалиште на ул. Рхеиналлее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, преку полномошник Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ, адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, бул.„Кочо Рацин“ бр.38/1-5 Скопје, телефон 02/3166629, e-mail: janicevic.advokati@gmail.com, електронско сандаче за е-достава со корисничко име: Nenad Janikjevikj

ТУЖЕНИ:

1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, управител Верица Љуботенска ул.Ванчо Прке бр.Д2/А-9 Штип со ЕМБГ 1105955495004,e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку полномошник Адвокат Гоце Цоневски од Скопје

2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз- извоз Штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип и ЕМБС 4805178, со ЕДБ 4029994108584, управител Ристе Љуботенски, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип со ЕМБГ 3003955490002

ОСНОВ: НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

О Д Г О В О Р
НА ПРЕДЛОГ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

од тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, преку полномошник адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје

На ден 29.06.2021 година, првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, преку полномошник Адвокат Гоце Цоневски од Скопје, до Основниот суд во Штип поднел Предлог за повторување на постапка со Предлог за издавање на привремена мерка со Барање за изземање на судија во предметот кој се водел пред Основниот суд во Штип под бр. П4 бр.78/15, а кој е правосилно завршен со Пресуда П4-78/15 од 18.01.2016 година на Основниот суд Штип, потврдена со Пресуда ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип.

Полномошникот на тужителот, предлогот заедно со покана за рочиште по однос на привремената мерка, го прими на ден 09.07.2021 година.

По однос на предлогот за издавање на привремена мерка, судот закажа и одржа рочиште на ден 12.07.2021 година, по што донесе Решение ППОВ-5/21 со кое **предлогот на предлагачот го одби како неоснован**.

Тужителот, благовремено, преку својот полномошник го дава следниот **одговор на Предлогот за повторување на постапка**:

Во предлогот, првотуженият дава редоследен опис на донесените одлуки по предметот, кој првично во Основен суд Штип бил заведен под П-4 бр.40/14, а по укинување на пресудата од страна на Апелациониот суд Штип, предметот добил нов број П-4 бр.78/15, а притоа дава свој критички осврт на така донесените одлуки.

Предлогот за повторување на постапка е поднесен согласно член 392 став 1, точки 5 и 9 од ЗПП.

Согласно член 392 ст.1 т. 5 од ЗПП, постапката што со одлука на судот е завршена правосилно, може, по предлог на странката, да се повтори, ако „одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина'', а согласно т.9 „ странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка''.

Во конкретниот случај, не е исполнет ниту еден од двата наведени услови за повторување на постапката.

Имено, во предлогот, првотуженият истакнува околности кои веќе се истакнати во текот на правосилно завршената постапка и кои околности ги имал во предвид и Врховниот суд на РСМ, при одлучување по ревизиите поднесени од странките.

Оттаму, со истакнување на наводите во предлогот, првотуженият оди кон тоа повторно да води постапка за веќе пресудена работа res judicata.

Клучна околност на која се заснова Предлогот за повторување на постапката е повикување на Извештајот за констатирана состојба изготвен од Економско-правно биро КОМПАНИЈА НМ, заведен под број 247/13 од 10.10.2013 година, во однос на тоа дека истиот бил изготвен од лица кои не се вештаци. Во врска со ова, во предлогот е укажано дека туженият добил сознанија за факти, кои биле потврдени со нови докази.

На овие околности, **туженият се повикува на истите факти кои повеќе пати се истакнати во целиот тек на постапката** и тоа како пред основниот и апелациониот, така и пред Врховниот суд на РСМ.

Во **Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип**, со која одлука правосилно е завршена оваа постапка, Апелациониод суд одлучувајќи по жалбените наводи на тужените кои се идентични со наводите од овој предлог за повторување на постапката за наводни нови факти, **јасно наведува на страна 2 дека** ***„Жалбените наводи по однос на тоа дека извештајот за констатирана состојба не е вештачење и дека истиот не може да се користи како вештачење во предметот беа предмет на оценка на овој суд но истите не се прифатени од причини што извештајот за констатирана***

состојба е изготвен во постапка за обезбедување на докази по барање на сега тужителот и врз основа на решение донесено од првостепениот суд. Извештајот е изготвен од стручни лица врз основа на непосреден увид во документацијата на туженият, па бидејќи тој извештај е изготвен по налог на судот во постапка за обезбедување на докази и од вештаци – стручни лица кои што судот ги определил, тој извештај може да послужи за утврдување на фактичката состојба во овој предмет.“

Имено, Извештајот за констатирана состојба изготвен од Економско-правно биро КОМПАНИЈА НМ, заведен под број 247/13 од 10.10.2013 година е изготвен и потпишан од Економско-правно биро КОМПАНИЈА НМ, преку Управител Надица Младеновска-Крцкоска.

Во ниту еден важечки законски пропис во 2013 година, не е пропишано дека Управителот на друштвото за вештачење треба да има лиценца за вештачење. **Неспорно е дека овој Извештај е прифатен од судот како валиден и веродостоен доказ за утврдување на фактичката состојба во овој предмет**, и **сите судови во сите судски инстанци го прифаќаат како финансиски извештај и како доказ**, а не како вештачење. Воедно, сите овие спорни прашања биле веќе истакнати од страна на тужените и разгледувани од страна на судот во правосилно завршената постапка и за истите судот веќе се има јасно и категорично произнесено во своите одлуки.

Во однос на наводите истакнати во предлогот за повторување, за тоа дека **лицата Зоран Младеновски и Климент Стојановски кои присуствувале на увидот**, а во записникот ВПП 2 Г-11/13 од 14.05.2013 година биле евидентирани како вешти лица, а притоа немале лиценци, истакнуваме и потенцираме дека ваквите наводи се апсолутно небитни, несуштински, не претставуваат нови докази и **не се во никаква врзаност со валидноста на Извештајот број 247/13 од 10.10.2013 година**. Имено, **предметот ВПП 2 Г-11/13 во Основен суд Штип е оформен по предлог за обезбедување докази** од страна на тужителот Владислав Михаилович Втулкин. **Во таа постапка, не е вршено вештачење**, туку **само е обезбедувана сметководствено-финанскиска документација од противникот, сега тужен Имако Вино Дооел Вино врз основа на која е изготвен Извештајот за констатирана состојба**, бидејќи истата претходно доброволно не била предадена на барање на тужителот. **Оттаму, фактот дали лицата кои присуствувале на ова рочиште, а притоа не се изготвувачи и потписници на Извештајот број 247/13 од 10.10.2013 година е апсолутно ирелевантно дали се вешти лица или не.**

И покрај неоснованоста на ваквите наводи, истите во никој случај не претставуваат основ за повторување на постапката, од самата причина што ваквиот Извештај, кој содржи пропратна документација, датира од 2013 година.

Од самиот доказ кој го доставува предлагачот „Одговор на барање'' од Министерство за правда Бр.08-1749/2 од 21.06.2021 година е видно дека **регистарот на вештаци е воспоставен и објавен на веб страната на Министерство за правда на 25.07.2014 година, што претставува датум после изготвениот Извештај за констатирана состојба.** Од тие причини овој наводен „нов доказ“ кој го предлага туженият, **нема никакво значење ниту за валидноста на Извештајот за констатирана состојба, ниту за одлуката за главната работа** и во никој случај **не може да претставува основ или причина за странката да биде**

донесена поповолна одлука, ако тој доказ бил употребен во поранешната постапка, бидејќи со ваквиот доказ **тужениот се обидува да го оспори Извештајот за констатирана состојба кој е изготвен во 2013 година,** а Одговорот на барање од Министерството за правда Бр.08-1749/2 од 21.06.2021 година содржи информации во врска со **регистарот на вештаци кој е воспоставен и објавен на веб страната на Министерство за правда на 25.07.2014 година!**

Сите утврдени факти, околности и докази во Извештајот, на тужените им биле познати уште со самиот прием на Извештајот од 2013 година, па оттаму во никој случај, не може, после 8 години,првотужениот да се повикува на невалидност на овој доказ во постапката. Во целиот тек на постапката, сите овие наводи се истакнувани од страна на тужените, така што истите биле предмет на оценка и одлучување од страна на сите судски инстанци. Сега, следува единствено нивно повторување при обидот да се дозволи повторување на постапката.

Поради сето ова, ирелевантни се изготвените вештачења од Миса Фајнанс ДООЕЛ од 29.06.2021 година и вештачењето од Идеја Плус Ревизија и консалтинг од 21.06.2021 година, кои предлагачот ги смета за нови докази.

Во однос на наводите во предлогот кои се однесуваат за образлагање на тоа дали тужителот има извршено плаќања за сметка на тужените истакнуваме дека утврдувањето на овие околности беше предмет на целокупната досегашна правосилно завршена постапка, така што во никој случај не може со овој предлог за повторување на постапка да се овозможува тужениот, по кој знае кој пат, да ги истакнува истите наводи, повикувајќи се на тоа дека има нови докази. Нови докази нема, оттаму неосновано и недозволено е повторно расправање на фактичката состојба од правосилно завршената постапка.

Така, тужените во предлогот за повторување на постапката се повикуваат на околности дека биле добиени нови сознанија за факти, дека дописите од двете италијански фирми и едната бугарска фирма, како и финансиските информации во врска со нив содржани во Извештајот за констатирана состојба од 2013 година не биле веродостојни сметководствени документи за да можат да бидат признаени како капитално вложување, меѓутоа и овие наводи се повеќе пати истакнати во првостепената и жалбената постапка, така што во **Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип**, судот **јасно наведува на страна 2 дека „*Жалбените наводи по однос на потврдите од фирми од Бугарија и Италија кој што тужителот ги доставил како доказ за тоа дека тој вршел уплати за потреби на тужените односно за набавка на опрема за дејноста со која се занимаваат тужените беа предмет на оценка на овој суд но и овие жалбени наводи не се прифатени од причини што овие докази потврдуваат дека тужителот за тужените вршел уплата за набавка на опрема а дека тие се вистинити односно можат да послужат како доказ во овој предмет произлегува и од исказот на тужителот даден во текот на постапката како и од извештајот за констатирана состојба изготвен во постапката за обезбедување на докази.***

Истовремено, Вешт наод и мислење доставен во оваа фаза на правосилно завршена постапка како наводен „нов доказ“, а кој се однесува на околности и докази кои веќе истакнати од тужените и се детално образложени од страна на судовите во

правосилните судски одлуки, во никој случај не може да претставува нов доказ како основ на повторување на постапката согласно 392 ст.1 т. 5 од ЗПП. Изготвени вештачања, на правосислно завршена постапка, не може да претставуваат узнавање за нови факти, ниту пак стекнување можност за употреба на нови докази, кои странката немала можност да ги достави претходно.

Во однос на доставениот наод и мислење од Биро за судски вештачења СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година, како и погоре, укажуваме дека **ова вештачење не може да претставува нов доказ за повторување на постапката, видно од самиот датум на изготвување на ова вештачење кое датира од пред 6 години. Истото е доставено во правосилно завршената постапка, така што било предмет на разгледување и од Врховниот суд при одлучување по ревизиите по тој предмет.**

Во однос на поднесените претставки против судиите кои постапувале по правосилно завршената постапка, како и најавата за поднесување на кривична пријава, сметаме дека ваквото постапување од страна на лицето Ристе Љуботенски е само обид да се влее страв кај сите кои постапуваат по овој предмет и тоа како судиите, така и тужителот и неговиот полномошник.

Видно од одлуките Решение ГЖ-535/15 од 13.10.2015 година и Пресуда ГЖ.бр.380/16 од 23.12.2016 година на Апелациониот суд Штип, тој суд два пати одлучил во корист на тужените и го одбил тужбеното барање на тужителот, **меѓутоа Врховниот суд како највисока инстанца во судската власт која го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите, донесе две решенија во корист на тужителот, и тоа Решение Рев2.бр. 180/2017 од 15.11.2018 година и Рев 2.бр.463/2019 од 27.01.2021 година, со кои ревизиите изјавени од тужителот се усвојуваат, а предметот е вратен на повторно одлучување пред второстепениот суд со јасни напатствија од највисокиот судски орган дека тужбеното барање на тужителот е во целост основано!**

Со тоа бил јасен ставот на највисокиот суд дека одлуките на Апелациониот суд во корист на тужените се незаконити, по што Апелациониот суд со последната одлука ги прифатил напатствијата на Врховниот суд, што всушност претставува обврска на секој понизок суд. Со одлуките на Врховниот и Апелациониот суд се потврдува законитоста на првостепените одлуки донесени од страна на Основен суд Штип.

Битно е да се потенцира дека, за времетраење на конкретната правосилна постапка, основачот на туженио Имако Вино ДООЕЛ Штип, **Ристе Љуботенски од Штип поднесе тужба против тужителот за утврдување ништовност на договори и тоа договорот за деловно-техничка и финансиска соработка склучен помеѓу тужителот и туженио на 13.11.2004 година, како и договорот за основање на ДОО склучен помеѓу тужителот и туженио на 18.11.2004 година,** а се со цел во таа постапка доколку се утврдело ништовност, да се оневозможи наплата на побарувањето кое му следува на тужителот, а кое е предмет на постапката за надомест на штета. **Постапката за утврдување ништовност на договорите е правосилно завршена во корист на овде тужителот, со Пресуда Рев2.бр.527/17 од 01.10.2019 година на Врховниот суд на РСМ, со која што највисокиот суд одлучи мериторно, така што ја преиначи пресудата на Апелациониот суд Штип и ја потврди првостепената одлука на Основен суд Штип со која тужбеното барање на**

тужителот Ристе Љуботенски за утврдување на ништовност на предметните договори се одбива како неосновано.

ДОКАЗ:

- **Пресуда П4-29/16 од 14.10.2016 година на Основен суд Штип**
- **Пресуда Рев2.бр.527/17 од 01.10.2019 година на Врховниот суд на РСМ**

И покрај сето тоа, имајќи ТРИ ОДЛУКИ од Врховниот суд на Република Северна Македонија во корист на тужителот, а поврзани со кокретната правна работа, се прави обид, од почеток, при исти докази и факти, повторно да се водат постапки за правосилно завршена работа!!!

Тенденцијата да се одбегне плаќање на долгот спрема тужителот е очигледна и со извршено кривично дело од страна на управителот на првотужениот Имако Вино ДООЕЛ Штип, Верица Љуботенска, за кое што е донесена Пресуда К.бр.429/15 од 25.12.2015 година на Основниот суд во Штип со која се утврдува дека обвинетата Верица Љуботенска, тогашен управител на Имако Вино ДООЕЛ Штип **виновна е за сторено кривично дело Неизвршување на судска одлука од чл. 377 од КЗ** затоа што обвинетата, како управител на сега првотужениот продолжила со вршење на правен промет со трети правни и физички лица, како и платен промет преку трансакциски сметки во деловни банки, **одбила да изврши правосилна и извршна судска одлука – Решение на Апелациониот суд Штип ГЖ-бр.1102/13 од 03.09.2013 година** со кое на правното лице ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип **му било забрането да располага** со целокупните материјални и тековни средства наведени во решението, да отуѓува или оптоварува недвижности или стварни права запишани во негова корист, да продава удели итн. **(одлука од овој предмет за издавање на привремена мерка по предлог на тужителот)**.

ДОКАЗ:

- **Пресуда К.бр.429/15 од 25.12.2015 година на Основниот суд во Штип**
- **Пресуда КЖ-56/16 од 20.04.2016 година на Апелационен суд Штип**

Поради сето погоре наведено, предлагаме насловниот суд **ДА ГО ОДБИЕ** предлогот како неоснован и да го задолжи првотужениот со трошоците од постапката, по приложен трошковник.

Трошковник:

За состав на одговор на предлог за повторување напостапка (пресметано на основица од 18.000,00 денари, со зголемување од 100% за доверителот како странец 18.000,00 ден +30% паушал 10.800,00 денари = 46.800,00 ден. +18% ддв 8.424,00 ден. = 55.224,00 денари) ..... **55.224,00 денари**

Вкупно: 55.224,00 денари

За тужителот Владислав Михаилович Втулкин

Полномошник, Адвокат Ненад Јаниќевиќ

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ
Данило Ѓ. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Ѓ. Јаниќевиќ, адвокат
Бул.„Кочо Рацин" бр.38-1/5 Скопје
Тел раб. 02/31 066 29; стан 02/31 379 11